# Винарска Визба Тиквеш

TIKVEŠ
Since 1885

*Врвно од Македонија*

Винарската визба „Тиквеш" е предводник на винската индустрија во регионот и е препознатлив бренд во светот, бренд со кој се гордееме сите. Успешната приказна за нашата компанија ја градиме со децении, континуирано вложувајќи во технологија, развој и унапредување на човечките ресурси. Како дел од нашиот внимателно дефиниран план за раст и развој на организацијата, во потрага сме по успешни, енергични и посветени кандидати кои би ни се придружиле.

ДОКОЛКУ СТЕ ИНСПИРИРАНИ ОД ПРИКАЗНАТА ЗА ВИНО, СТЕ СИГУРНИ ДЕКА ЈА ПОСЕДУВАТЕ ПОТРЕБНАТА АМБИЦИЈА, ЖЕЛБА ЗА УСПЕХ И СТРАСТ ДА СЕ ПРИКЛУЧИТЕ КОН НАШИОТ ПОБЕДНИЧКИ ТИМ, И СТЕ СПРЕМНИ ДА ГИ ИСКОРИСТИТЕ ИЗВОНРЕДНИТЕ МОЖНОСТИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ КОИ НИЕ ГИ НУДИМЕ, ТОГАШ ВЕ МОЛИМЕ АПЛИЦИРАЈТЕ ЗА РАБОТНОТО МЕСТО:

## СОРАБОТНИК ЗА КОРПОРАТИВНИ КОМУНИКАЦИИ
## - Скопје (1 позиција) -

**Профил на кандидатот:**

- Образование – ВСС
- Одлично познавање на Microsoft Office (Excel, Word, Power Point)
- Одлично познавање на англиски јазик
- Најмалку 3 години искуство во областа
- Одлични комуникациски и организациски вештини
- Прецизност, аналитичност и ориентираност кон резултати
- Висок личен интегритет и деловна култура

**Клучни одговорности:**

- Спроведување на корпоративни кампањи и план за комуникации во земјата, регионот и интернационални пазари
- Организирање и координирање присуство на домашни и меѓународни саеми и обезбедување соодветно претставување на компанијата и производите
- Организирање и координација на посети на винаријата за надворешни лица
- Обезбедување пораките и информациите кои излегуваат во јавноста да бидат јасно претставени и во согласност со целите на стратегијата за комуникации со јавноста
- Во соработка со агенција за односи со јавност креира, уредува и објавува соопштенија за јавноста кои имаат за цел да постигнат позитивни ефекти врз угледот на компанијата
- Развивање секаков вид на промотивни документи, материјали и алатки за пренесување на пораките на компанијата до јавноста (каталози, брошури, website, итн.)
- Организација и реализирање на корпоративни настани и прес-конференции
- Подготовка на годишен план за компанијата и групацијата
- Спроведување на програми за Општествена одговорност, спонзорства и донации
- Предлагање и реализација на проекти

**ВВ Тиквеш нуди одлични услови за работа, атрактивен пакет за наградување и можности за обуки и кариерен развој. Изборот ќе се направи со јасни критериуми по пат на тестирање и интервјуирање на кандидатите. Ако сте заинтересирани и сте сигурни дека ги исполнувате горенаведените услови, Ве молиме испратете го вашето резиме (Curriculum Vitae) и мотивационо писмо, со назначен град за кој аплицирате, на следната емаил адреса: kariera@tikves.com.mk, најдоцна до 23.08.2020 година.**

